Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје, /„Службен гласник на Општина Центар број 1/06/, градоначалникот на Општина Центар-Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за образование на Општина Центар-Скопје, за 2015 година**

Се објавува Програмата за образование на Општина Центар-Скопје, за 2015 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје, ја донесе на 33-та седница одржана на 25.12.2014 година.

Бр.08-7874/15
26.12.2014 год.
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 163 од Законот за основно образование (Службен весник на РМ бр. 24/2013) и член 26, став 1, точка 12 од Статутот на Општина Центар – Скопје, Советот на Општина Центар – Скопје на 33-та седница, одржана на 25.12.2014 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ЗА 2015 ГОДИНА

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување на знаења, вештини и способности за совладување на потребите (образовна компонента) и стекнување на животни и работни искуства , формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него (воспитна компонента).

Современиот пристап укажува дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање. Поголемото инвестирање и подигнување на нивото на инвестирање е битен фактор во развојот на образованието.

## I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Еден од клучните предизвици на образовната политика и образовниот систем во целост, во наредниот период, во основните училишта на територија на општина Центар, ќе биде подигањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес на младите,во рамки на законските можности. Ќе помогнеме во поттикнување и негување на детската љубопитност, сознајните активности и креативноста, развивање на мотивите и условите за афирмирање на учениковата личност.

Општина Центар со цел да ги мотивира учениците и наставниците за постигнување на што повисоки резултати во образованието, ќе одвои средства од својот Буџет за реализирање на Програмата за основно образование на Општина Центар за 2015 година.

Програмата содржи активности кои Општината континуирано ги остварува, а притоа вклучувајки и нови активности, бидејќи таа е програма од отворен карактер која може да се дополнува со проекти во текот на целата година.

Предлог проектите кои се содржани во програмата се во координација со директорите на основните училишта, претставници од Советот на Општина Центар и Сектор за образование и наука.

# II. ПРОЕКТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**1. Доделување награди на најдобри наставници**

**2. Доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта**

**3. Проект за ангажирање на дефектолози во основните училишта**

**4. Детска ликовна колонија**

**5. Првенци на генерација - Награди за полуматуранти**

**6. 1-ви Септември – Добредојдовте наши првачиња**

**7. Прослава на денот на Општина Центар**

**8. На одмор сум, во Скопје сум – Општина Центар мисли на мене**

**9. Проект за собирање и рециклирање на отпад од пакување**

**10. Проект за значењето на енергијата,начинот на производство и употреба преку теоретски и практични примери**

**11.Следење на санитарно-хигиенската состојба во училишните кујни**

**12. Обезбедување на училишните објекти**

**13. Еднодневна екскурзија**

# III. КОФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

**1. Систематски прегледи на наставниците**

**2. Средства за хигиена**

**3. Плаќање на сметки за централно греење**

**4. Превоз на луѓе и предмети**

## 1. Доделување награди на најдобри наставници

Цел на проектот:

Воспитанието и образованието, како педагошки процеси меѓусебно се условени и дијалектички поврзани. Условите во кои се врши образованието ја определуваат и неговата цел, што значи: "Изградување и развивање врз база и по пат на пренесување и усвојување на научени знаења, интелектуални, работни, технички, производни, хигиенски, културни, и други вештини и навики. Без квалитетен наставен кадар нема квалитетно образование. Учителот е огледало, модел на позитивно однесување пред учениците, тој е нивен пријател, другар и придружник низ детството и младоста.

Од тие причини општина Центар сака да ги стимулира и мотивира одделенските и предметните наставници за уште поголема посветеност во работата со деца и за таа цел да го награди најдобриот одделенски и предметен наставник од секое основно училиште на нејзина територија. Предлогот за награда на одделенскиот и предметниот наставник ќе произлезе од самото училиште.

Очекувани резултати:

- Стимулирање на натпреварувачки дух меѓу наставниците
- Мотив за учество на разни натпревари

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 380.000,00 денари

## 2. Доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта

Цел на проектот:

На подрачјето на Општина Центар-Скопје има 7 Основни училишта со над 4 000 ученици, меѓу кои има голем број ученици кои се истакнуваат по одредени предмети или во одредени области, а воедно постигнуваат и врвни резултати на општински и регионални натпревари, а некои од нив и на меѓународни натпревари и олимпијади.

За таквите ученици Општина Центар-Скопје предвидува финансиски средства кои ќе се доделуваат на ученици како стипендии, кои ги одредува претходно формирана Комисија од страна на Градоначалникот. Комисијата ги утврдува критериумите за доделување на стипендии, условите и начинот на пријавување на кандидатите, кои предходно ќе бидат утврдени од Советот на Општина Центар-Скопје.

Очекувани резултати:

- Учество на разни натпревари од повеќе области
- Создавање на вистински вредности и навики кај учениците

- Развивање и следење на талентот

Време на реализација – континуирано во текот на годината

Реализатор: - Општина Центар-Скопје
Буџет: 1.200.000,00

**3. Проект за ангажирање на дефектолози во основните училишта**

Потребата од дефектолози во основните училишта е огромна. Бројот на деца на кои им е потребна помош од стручни лица - дефектолози од ден на ден се повеќе се зголемува, иако поради суптилноста на проблемот, голем број на родители истото не го аргументираат со потврда од официјални институции. Но, факт е дека наставниците секојдневно се соочуваат со проблемот како да им пристапат и како да работат со децата со пречки во развојот.

Со оглед на тоа дека од Министерството за образование и наука не одобрува согласност за вработување на дефектолози, Општина Центар во соработка со Сојузот за дефектолози ќе потпише Меморандум за соработка. На тој начин ќе им се овозможи на децата, родителите и наставниците полесен начин за работа.

Целни групи:

- Ученици од основните училишта во општина Центар;
- Реализатор : Општина Центар во соработка со Сојузот за дефектолози на Република Македонија.

Очекувани резултати:

- Подобрување на квалитетот на наставата кај децата со пречки во развојот;

- Буџет: 200.000,00 денари

**4. Детска ликовна колонија**

Цел на проектот:

На детската ликовна колонија учество ќе земат учениците од 7-те општински основни училишта. Мотивите и темите за работа на ликовната колонија ќе бидат на лице место одредени. Локацијата на одржување на ликовната колонија ќе биде малиот плоштад кај Арапска куќа-Сквер Јадран кој е во надлежност на Општина Центар-Скопје, а доколку има потреба локацијата може да се промени. По завршување на ликовната колонија изложбата на најдобрите ликовни дела на младите таленти ќе биде во Свечената сала на ООУ “Димитар Миладинов”, ООУ “Ј Х Песталоци” или во Детскиот ликовен центар.

Очекувани резултати:

- Учество на учениците од Општинските основни училишта
- Негување на ликовната традиција кај учениците
- Поттикнување на уметничкиот дух кај учениците
- Дружење меѓу учениците

Време на реализација: октомври или мај

Реализатор: Општина Центар-Скопје
Буџет: 60.000 денари ( материјали за сликање: поликолорни бои, хромокартони, сендвичи и сокчиња, превоз до одредена дестинација и организирање на изложба по завршување на ликовната колонија)

**5. Првенци на генерација - Награди за полуматуранти**
Цел на проектот:
Знаејќи дека основното образование е темел за понатамошно школување, Општина Центар ја следи работата на најдобрите ученици во текот на нивното школување и истите ги мотивира и наградува. Најдобрите ученици полуматуранти кои училиштето ги избрало како првенци на генерација, Градоначалникот на свечен прием ги наградува и им посакува успех во понатамошното школување.
Очекувани резултати:

- Стимулирање на натпреварувачки дух меѓу учениците
- Мотив за учество на разни натпревари
- Создавање вистински вредности кај учениците

Време на реализација: јуни
Реализатор: Општина Центар
Буџет: 120.000,00 денари

**6. 1-ви Септември – Добредојдовте наши првачиња**
Цел на проектот:
Овој проект опфаќа убава можност за запознавање на првачињата со своите наставници и соученици, која преку забава се организира во секое основно училиште на територија на Општината. Учениците од повисоките одделение подготвуваат пригодна претстава за успешен почеток на првачињата.
Општината на секое прваче ќе му посака добредојде со скромен подарок - училишен прибор за пишување: 2 дрвени моливи, гума и острилка, распоред на часови, линијар и граматички плочки.
Очекувани резултати:

- Запознавање со нови другарчиња и наставници;
- Појава на чувство за среќа и радост;
- Создавање на услови за социјализација на учениците да ја запознаат непосредната околина;

- Да се доживува себеси како единствена и неповторлива личност и да развива самодоверба;
- Да се поттикнува да идентификува, да препознава и да искажува различни емоции;
- Да стекнува основни културни, здравствено- хигиенски и работни навики;

Време на реализација: септември
Реализатор: Општина Центар
Буџет: 120.000,00 денари

## 7. Прослава на денот на Општина Центар-Скопје

Цел на проектот:

Планирани активности по повод роденденот на Општина Центар - 3-ти Ноември во кои учество ќе земат учениците од сите 7 општински основни училишта:

- Конкурс за најдобра ликовна творба
- Конкурс за најдобра литературна творба
- Проект – Наши таленти – секое училиште да се претстави со една точка по сопствен избор (по можност да е групна точка во која учество ќе земат повеќе ученици)
- Конкурс за најуредена училница – најуредна центарска училница

Општина Центар, односно одделението за образование за сите наведени активности, формира Комисии кои ќе ги одберат најдобрите односно трите први места во овие категории, а Општина Центар ќе ги награди.

Време на реализација: - ноември
Реализатор:- Општина Центар
Буџет: 100.000,00 денари ( дипломи за наставници, награди за ученици, водител, пеач, озвучување, украсување и др.)

## 8. На одмор сум, во Скопје сум – Општина Центар-Скопје мисли на мене

Цел на проектот

Целта на овој проект е учениците во периодот на зимскиот и летниот распуст, бесплатно да посетуваат креативни, едукативни работилници и разни спортски активности. На овој начин конструктивно и креативно ќе биде осмислено нивното слободно време, но пред се, ќе се даде можност за оние ученици кои не се во можност да отпатуваат некаде за време на распустот, емоционално да бидат исполнети преку учество во разни активности кои ќе ги поттикнат нивниот интерес,

талент и креативност. Реализацијата на проектот се планира за време на зимскиот и летниот распуст на учениците (јануари, јуни, јули и август 2015 година). Пилот проектот може да се прошири со вклучување на тим од стручни лица, соработници, кои ќе направат детален Акционен план за истиот

Очекувани резултати:

- Учество во разни работилници од повеќе области
- Создавање на вистински вредности кај учениците
- Развивање на другарство

Време на реализација:зимски и летен распуст
Реализатор: Општина Центар-Скопје и Општински основни училишта

## 9. Проект за собирање и рециклирање на отпад од пакување

Собирањето, рециклирањето на отпадот и отпадот од пакување, правилното постапување со отпадот заради зачувување на здрава животна средина во согласност со принципите на Европските конвенции и протоколи е мотив повеќе општина Центар да потпише Меморандум за соработка со фирмата Пакомак ДОО Скопје.

Цели на проектот:

- Превенција и подигнување на хигиената во основните училишта;
- Подигнување на еколошката свест и создавање на навики кај учениците, родителите и училиштата за селектирано собирање на отпад и негово рециклирање што во иднина ќе придонесе за почиста животна средина.

Целни групи:

- Ученици од основните училишта во општина Центар;

Задачи:

- Едукација на учениците и целото нивно семејство околу селектирање на отпадот;
- Стимулација на учениците да носат ПЕТ пластична амбалажа во поставените контејнери.

Очекувани резултати:

- Презентација на учениците директно и нивните родители индиректно за придобивките од селектирано собирање на отпад и негово рециклирање, односно со наведената активност обезбедување на средства за лична хигиена.

Реализатор : Општина Центар во соработка со фирмата Пакомак ДОО Скопје

## 10. Проект за значењето на енергијата, начинот на производство и употреба преку теоретски и практични примери

Имајки во предвид дека преку проект Едукација за значењето на енергијата, начинот на производство и употреба преку теоретски и практични примери ќе се опфатат темите: енергија, енергетска ефикасност, алтернативни извори на енергија,

климатски промени и одржливо живеење, а истите се актуелни за времето во кое живееме. Проектот е поддржан од страна на Швајцарската Агенција за развој и соработка, а тоа е мотив повеќе општина Центар да потпише Меморандум за соработка со ЕКО-ЛОГИК-Здружение за заштита и унапредување на животната средина.

Цели на проектот:

- Зголемување и унапредување на знаењето меѓу децата за темите: енергија, енергетска ефикасност, алтернативни извори на енергија, климатски промени и одржливо живеење;
- Продуцирање на нови и креативни начини на учење поврзано со екологија и животна средина во формалното образование;
-

Целни групи:

- Ученици од основните училишта во општина Центар;

Активности:

- Информативни презентации наменети за: наставници и ученици на возраст од 10-12 години;
- Интерактивни работилници и едукативни дебати наменети за учениците;
- Креирање на дидактички материјали наменети за: : наставници и ученици на возраст од 10-12 години;

Реализатор: Општина Центар-Скопје во соработка со ЕКО-ЛОГИК-Здружение за заштита и унапредување на животната средина-Скопје .

## 11. Следење на санитарно-хигиенската состојба во училишните кујни

Веќе три години успешно се реализира проектот за санитарно-хигиенската состојба во основните училишта во Општина Центар, кој финансиски целосно е покриен од страна на Општината.

Во сите седум училишта во општина Центар постојат кујни со трпезарии во кои се приготвува топол оброк и се служи храна за учениците од прво до петто одделение, како и ужинки за поголемите ученици.
Целта на овој проект е да се зголеми контролата врз храната, условите во кои таа се приготвува и врз персоналот кој ја подготвува и служи истата. Контролата се врши од страна на специјализирана медицинска установа, која по извршените увиди и земени брисеви е обврзана да ја информира општината за состојбата на училишните кујни како и да даде упатства за отстранување на евентуалните забелешки и пропусти.

Очекувани резултати:

- Подобрување на квалитетот на храната;
- Подобрување на условите за приготвување и служење храна

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 350.000,00 денари

## 12. Обезбедување на училишните објекти

Безбедноста на учениците е еден од врвните приоритети на општина Центар. Досега родителите на учениците од основните училишта се соочуваа со проблемот да одлучуваат за тоа кој ќе се грижи, односно кој ќе ги обезбедува нивните деца додека се во училиште. Секако тоа мораа и самите да го финансираат.

Бидејќи општината е основач на основните училиштата и на децата гледа со посебно внимание и грижа за учебна 2015/2016 година, трошоците за обезбедување на училиштата од страна на Агенција за обезбедување ќе бидат на товар на општината.

Очекувани резултати:

- Подобрување на  безбедноста на учениците;
- Подобрување на климата за работа

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 1.200.000,00 денари

## 13. Еднодневна екскурзија

Во рамките на годишните програми на основните училишта се планирани еднодневни екскурзии за учениците од прво до деветo одделение. За прв пат оваа година финансирањето на еднодневните екскурзии ќе биде на трошок на Општина Центар-Скопје.

На тој начин домашниот Буџет на секое семејство ќе биде во значителна мера растоварен, а истовремено сите деца ќе имаат можност да поминат еден релаксиран ден во природа заедно со сите другарчиња од училиштето и да научат нешто повеќе за убавините на својата земја.

Очекувани резултати:

- Подобрување на социјалниот живот на учениците;
- Подобрување на семејниот Буџет

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 1.400.000,00 денари

## III. КОФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

### 1. Систематски прегледи на наставниците

Согласно член 93 точка 1 од Законот за Основно Образопвание ( Службен весник бр.24/13) и Законот за безбедност и здравје при работа, вработените во основните училишта мораат да бидат систематски прегледани. Поради недостиг на финансиски средства во училиштата, Општина Центар-Скопје ќе обезбеди здравствени прегледи за вработените во основните училишта. Целта на систематските прегледи за наставниците е да се утврди евентуална појава на професионална болест, болест во врска со работата или други оштетувања на здравјето кои претставуваат пречка во понатамошното извршување на работата на наставниот кадар во основните училишта во Општина Центар. За таа цел од Буџетот ќе бидат одвоени финансиски средства и истите ќе бидат префрлени на сметка на училиштата за спроведување на јавна набавка за избор на медицинска установа која врши систематски прегледи.

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 420.000,00 денари

**2. Средства за хигиена**

Со години station наназад општина Центар редовно одвојува финансиски средства за набавка на средства за хигиена за училиштата.
Намерата е подигнување на хигиената во самите училишта. За таа цел од Буџетот ќе бидат одвоени финансиски средства и иститте ќе бидат префрлени на сметка на училиштата за спроведување на јавна набавка за средства за хигиена.

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 600.000,00 денари

**3. Плаќање на сметки за централно греење**

Со оглед на фактот дека средствата од блок дотациите кои се трансферираат од Министерството за образование и наука на Република Македонија за плаќање на комуналните трошоци на училиштата не се доволни, општината Центар ќе врши доисплата на сметките за парно греење. За таа цел на училиштата ќе им бидат префрлени средства со кои тие ќе можат да ги подмируваат трошоците за греење.

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 11.000.000,00 денари

**4. Превоз на луѓе и предмети**

Некои од училиштата кои располагаат со мали финансиски средства од сопствени приходи, не се во можност да вршат исплата на средства кога се ангажира транспорт на деца кои треба да земат учество на хорски или оркестарски натпревари надвор од градот Скопје. За таа цел општина Центар им префарла средства за таа намена, а се со цел да го стимулира и поттикне талентот кај децата за освојување на уште поголеми резултати.

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 50.000,00 денари

**5. Тековно одржување на училиштата**

Поради старата инфраструктура секое од училиштата има потреби од тековно одржување, во пресрет на тоа општината одвојува средства за покривање на трошоците, како што се, молерисување и разни видови поправки.

Реализатор: Општина Центар-Скопје

Буџет: 1.500.000,00 денари

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 18.700.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2015 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активности од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2015 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува од 01.01.2015 година.

- Сектор за образование, млади и спорт.

Бр.08-7874/14
25.12.2014 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Совет на Општина Центар-Скопје
Цветанка Симоновска, с.р.